*Прилог 1: Формулар за поднесување коментари*

**Формулар за доставување коментари и предлози за Контролната листа на ПУЖССА за проектот**
***Реконструкција на локалнен пат „село Броштица - Центар Жупа", во општина Центар Жупа***

**Опис на проектот**

Реконструкцијата на локалниот пат „село Броштица - Центар Жупа" во Општина Центар Жупа е со вкупна должина од 2117 m.

Локалниот патен правец сега во доста лоша состојба, со пукнатини и ударни дупки. Локалниот пат започнува од с. Броштица и води од селото кон централното подрачје на општина Центар Жупа, а попатно понинува покрај неколку индивидуални објекти за домување. Проектните активности вклучуваат кршење на постоечки асфалт, поставување на нов асфалтен слој. Предвидена е следната конструкција на патот: асфалтен слој БНХС 16 со дебелина од 7 cm, тампонски материјал со дебелина од 30 cm, поставување на банкини со ширина од 0.50 см, изработка на асфалтни риголи и изработка на дренажа.

Предметниот локален пат во општина Центар Жупа се протега од населеното место село Броштица и го поврзува селото со центарот на општината и со регионалниот пат кој води до другите општини. Дозволената проектна брзина е 30 km/h, а должината на проектната улица е 2117m. Согласно планираната вредност, крајната стационажа на делницата ќе завршува во близина на локалитетот извор Бела Вода.

Одводнувањето е обезбедено преку предвиден дренажен систем на патот.

Поради изведените градежни работи за одредени реконструкции и фактот дека патот е последно асфалтиран во 90-тите години на минатиот век, постоечкиот пат е дотраен, амортизиран и во лоша возна состојба.

Целта на спроведувањето на предвидените активности за реконструкција на проектниот локален патен правец е да се подобри движењето на локалното население и безбедноста во сообраќајот.

Електронската верзија на Контролната Листа за ПУЖССА за проектот „Реконструкција на локален пат село Броштица - Центар Жупа во општина Центар Жупа" е достапна на следните веб-страници:

- Општина Центар Жупа (https://merkezjupa.gov.mk/)
- МТВ/ЕИП: http://mtc.gov.mk/ или www.wbprojects-mtc.mk

| | |
|---|---|
| **Име и презиме на лицето кое дава коментар *** | |
| **Контакт информации*** | **Е-пошта:**<br>________________________________<br><br>**тел:**<br>________________________________ |
| **Коментари во врска со Контролната листа на ПУЖССА:** | |
| **Потпис** | **Дата** |

| | |
|---|---|
| _______________________ | _____________________ |

**Ако имате какви било коментари/предлози или дополнувања за предложените мерки на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локален пат „село Броштица - Центар Жупа“ во Општина Центар Жупа“, ве молиме доставете ги на одговорното лице од следната институција:**

**Контакт лице: Јоже Јовановски, e-mail:** joze.jovanovski@piu.mtc.gov.mk

**Во рок од 14 дена по објавувањето на Контролната листа на ПУЖССА за „Реконструкција на локален пат „село Броштица - Центар Жупа“ општина Центар Жупа“**

**(датум на објава: 29.01.2024 година)**

**Референтен број: _______________________________**

(пополнето од страна одговорните лица за спроведување на проектот)